**20161954423**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 215 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Во Правилникот за одржување на катастарот на недвижностите („Службен весник на Република Македонија“ број 151/13, 8/15, 132/15, 147/15, 156/15, 184/15 и 229/15), по членот 55 се додаваат два нови члена 55-а и 55-б кои гласат:

„Член 55-а

Во одржување на катастарот на недвижности се врши предбележување на гаражните места со отворена површина кои се надвор од затворениот гаражен простор (ГМ) и се вршат промени на истите, како во листот за предбележување, така и во имотниот лист, доколку основното одобрение за градење на објектот е издадено пред влегувањето во сила на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 157/16).

Член 55-б

(1) Во одржување на катастарот на недвижности, по влегувањето во сила на Законот за дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 142/16), врз основа на исправи за правен основ со кои, во случаите кога физички и правни лица сопственици на посебни делови од објект или објект кој е во етажна сопственост го пренесуваат правото на сопственост на посебниот дел од објектот или делот од објектот и задолжително го пренесуваат правото на заедничка сопственост на градежното земјиште на новиот сопственик на посебниот дел од објектот или делот од објектот, се врши запишување на правото на сопственост на посебниот дел од објектот и правото на заедничка сопственост на земјиштето.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член по однос на задолжителност во пренесувањето на правото на заедничка сопственост на градежното земјиште не се однесуваат на преносот и запишувањето на посебните делови од објект или објект кој е во етажна сопственост запишани пред влегувањето во сила на Законот за дополнување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 142/16).“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-22736/1
17 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Анета Јорданова**, с.р.